# Групни жалби и жалби поднесени од повеќе жалители

Доколку жалителот или застапникот поднесуваат жалба во име на двајца или повеќе жалители чиишто жалбени наводи се засноваат на различни факти, за секој жалител одделно треба да се пополни образец за поднесување жалба и треба да се доставaт сите потребни информации. Документите што се релевантни за жалбата на секој жалител треба да бидат доставени во прилог на образецот за поднесување жалба на тој индивидуален жалител.

Доколку има повеќе од пет жалители, покрај образецот за поднесување жалба и документите, застапникот треба да достави табела во која треба да бидат наведени бараните детали за идентификација на секој жалител, пример на таква табела може да најдете на интернет страницата на Судот (види www.echr.coe.int/applicants).

Table Excel

Доколку застапникот е адвокат таа табела треба да биде доставена во електронска форма (на ЦД-ром или на мемориски клуч).

Во случаите кога се работи за големи групи жалители или жалби, Секретаријатот на Судот може да побара од жалителите или нивните застапници да ги достават нивните поднесоци или документи во електронска или друга форма. Секретаријатот на Судот може да даде и поинакви упатства со цел да се обезбеди поефикасно и побрзо процесуирање на жалбите.

Непочитувањето на упатствата на Судот во однос на формата и начинот на поднесување групна жалба или жалба од повеќе жалители може да доведе до тоа предметот да не биде разгледан од страна на Судот (види Правило 47 § 5.2).

EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME